ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:** 18 – 227/4

**Дата:** 07.04.2015

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ

## РЕЗИМЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на успешност на тема „Имплементација на проектните активности за набавка на најсовремена медицинска опрема за потребите на Јавните здравствени установи, влијанието врз нивното работење и здравствената заштита на граѓаните“.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на ДЗР за 2014 година.

Со ревизијата на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија, а која претставува предмет на интерес од повеќе аспекти и за повеќе целни групи.

Ова известување претставува наш заклучок по извршената ревизија на успешност која се однесува на повеќе активности поврзани со начинот и условите за реализација на овој Проект.

Со ревизијата се насочивме на активностите и мерките кои Владата на Република Македонија, Министерството за здравство и јавните здравствени установи ги презеле за подобрување на квалитетот на здравствената заштита на населението.

Со ревизијата беше опфатен периодот од 2010 до 2014 година, но дадени се состојби и настани кои се случиле и претходно.

Владата на Република Македонија, , донесува повеќе програми меѓу кои и Програма за здравствена заштита кои се реализираат преку Министерството за здравство, со што започнувајќи од 2008 година па наваму во континуитет презема

активности за успешна реализација на проектот за набавка на најсовремена медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи. Овие програмски активности се утврдени како стратешки приоритети за периодот од 2008 -2012 година и за 2011-2015 година. Средствата за набавка на нова софистицирана опрема се обезбедени со Буџетот на Република Македонија.

Набавката на медицинската опрема, обезбедување на просторни услови за функционирање на истата, едукацијата на вработените во Јавните здравствени установи и навременото ставање во употреба на наведената опрема претставуваат основни предуслови за добивање на услуги според највисоки стандарди и воедно скратување на времето на чекање за добивање здравствена заштита, навремено дијагностицирање на болестите, намалување на просечното време за лекување на пациентот итн.

Ревизијата е спроведена со цел да даде оценка на откриените ризици како и препораки во насока на надминување на констатираните состојби и овозможување на услови за зголемување на степенот на искористеност на опремата.

Во таа насока со нашата ревизија се насочивме на неколку ризични области во деловите на:

- Правна рамка, стратешки и други документи потребни за реализација на Проектот за набавка на најсовремена медицинска опрема за потребите на Јавните здравствени установи во РепубликаМакедонија;

- Планирање и утврдување на приоритети, извори на финансирање, следење на реализација на доделените договори за набавка на медицинска опрема, водење и ажурирање на евиденцијата на набавената опрема;

- Квантитативен и квалитативен прием на опремата, дефинирање на начин и услови на плаќање, гарантен рок, услови за одржување и постгарантен рок;

- Обезбедување: просторни и функционални услови за поставување и ставање во употреба на опремата, стручен кадар за користење на опремата и давање услуги на граѓаните.

Состојбите кои се прикажани во овој извештај се резултат на применетите постапки на ревизијата со цел постигнување на објективна и реална оценка на

тековните состојби како и креирање на јасни и реални препораки кои Министерството за здравство треба да ги спроведе.

Ревизија беше насочена кон ризици кај споменатите области кои се однесуваат на активностите за набавка на најсовремена медицинска опрема за потребите на ЈЗУ, обезбедување услови за поставување и функционирање на набавената опрема, влијание врз нивното работење и здравствената заштита на граѓаните во насока на осознавање:

**„Дали навреме е имплементирана набавената медицинска опрема во ЈЗУ и дали со нејзиното имплементирање се подобрени условите и ефикасноста во нивното работење со цел да се овозможи брза и ефикасна здравствена заштита на граѓаните?**

Целокупниот опфат и доказите кои ги обезбедивме по пат на спроведените техники и методологија од страна на ревизијата, ни дадоа основа да го изразиме следниот заклучок:
Со ревизијата утврдивме дека и покрај присутните недоследности во имплементацијата на одредени активности на „Проектот за набавка на најсовремена медицинска опрема за потребите на Јавните здравствени установи во Република Македонија“, кој се реализира од 2008 година и е предвиден во повеќе програмски документи, земајќи ги во предвид сите досегашни активности и мерки преземени од надлежните органи и институции инволвирани во овој проект сметаме дека е постигнато задоволително ниво и дека се создаваат услови за навремена интервентна и квалитетна здравствена заштита на граѓаните на Република Македонија. Функционалната искористеност на опремата која е ставена во употреба е на високо ниво.
За стручниот кадар кој ракува со истата се обезбедуваат потребни обуки и доусовршувања во земјата и странство, а за стручниот кадар за дел од медицинската опрема за кој е потребна специјализација подолг временски период, надлежните институции тековно ги следат состојбите и континуирано преземаат потребни активности.
Во исто време се преземаат потребни активности за завршување на потребните работи за создавање на услови за ставање во употреба на опремата која сеуште не е ставена во употреба.

Состојбите кои ги оценивме дека имале одредено влијание на реализација на проектните активности за набавка на нова медицинска опрема, се следните:

Констатиравме непотполна кадровската екипираност на секторите кои се надлежни за извршување на активностите за планирање на потребите за

медицинска опрема, утврдување на приоритетите за набавка на медицинска опрема по јавни здравствени установи, следење на реализацијата на договорите за јавни набавки и водење евиденција за набавената опрема, што може да има влијание од повеќе аспекти за навремено, целосно и квалитетно извршување на дефинираните активности.

И покрај тоа што начинот и условите за прием на медицинската опрема генерално се дефинирани во одредбите на доделените договори за набавка на, склучени меѓу Министерството за здравство и носителот на набавката, констатиравме одредени слабости при приемот. Со оглед на тоа што при приемот на опремата податоците не се наведени во унифициран Записник, туку во документи кои содржат различни податоци за опремата, сметаме за потребно да укажеме на потребата и корисноста од пишани процедури за прием од страна на Министерството.

Поради отстапување на плаќање на договорените рати и износи утврдени во дел од договорите платена е затезна камата, а дел од опремата за која Министерството склучило договори за јавна набавка на нова медицинска опрема не е целосно испорачана.

Констатиравме состојби и на отстапување од договорениот рок на испорака за дел од опремата опфатена со ревизијата, доцнење на ставање на опремата во употреба и по испорака на истата и можност од поминат гарантен рок пред нејзино пуштање во употреба. Овие состојби за дел од опремата се настанати поради ненавремено обезбедени просторни, функционални и други услови за инсталација и пуштање во употреба на набавените медицински апарати.
За работа со дел од набавената опрема стручниот кадар е недоволен, но Министерството и ЈЗУ преземаат активности за надминување на оваа состојба.

Нашите препораки во овој извештај се однесуваат на активности кои Министерството треба да ги преземе со цел отстранување на утврдените неправилности, состојби и наоди во извештајот даден во продолжение, како и создавање услови за нивно надминување.
Со цел да се даде придонес со ревизијата на успешност за подобрување на здравствената заштита на граѓаните и зголемување на квалитетот на здравствените услуги, ги даваме следните препораки за постигнување поголема ефективност и ефикасност од примената на медицинската опрема:

## РЕЗИМЕ

Ревизија на успешност „Имплементација на проектните активности за набавка на најсовремена медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи, влијанието врз нивното работење и здравствената заштита на граѓаните“

---

Укажуваме на потребата Министерството за здравство да преземе соодветни мерки согласно потребите и можностите за кадровско доекипирање на секторите надлежни за планирање и утврдување приоритети за медицинска опрема по јавни здравствени установи, следење на реализација на договорите за јавни набавки и водење евиденција за набавената опрема.

Имајќи предвид дека континуирано се набавува нова медицинска опрема, сметаме за потребно Министерството да донесе пишани процедури за начинот на прием и испорака на медицинската опрема за потребите на јавните здравствени установи со кои детално ќе се регулира начинот и постапката за прием на опремата.

Во насока на обезбедување услови за следење на динамиката на плаќање на обврските во договорите за набавка на медицинската опрема, потребно е Министерството во соработка со надлежните институции да преземат потребни активности и да овозможат навремено плаќање на обврските за набавената опрема согласно договорените услови и целосна испорака на договорената медицинска опрема.

Со оглед дека од особено значење е обезбедување персонал од соодветна област и број на стручен кадар за дел од медицинската опрема за која е потребно специјализација подолг временски период, особено за ракување со ангиографите, Министерството да продолжи со активностите за дообезбедување на истиот.
Укажуваме на потребата, Министерството да продолжи со преземените мерки за следење на состојбата во ЈЗУ каде сеуште не се создадени услови за ставање во употреба на набавената опрема и обезбеди нејзино непречено користење.

На ден 23.12.2014 година во просториите на Државниот завод за ревизија одржана е завршна средба со лицата одговорни за раководење на министерството со цел нивно запознавање со основните оценки и препораки произлезени од извршената ревизија.
Законскиот застапник на министерството на ден 11.03.2015 година достави известување по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 18-227/1 од 02.02.2015 година, за преземените активности по утврдените состојби и дадените препораки.